ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-3/15**

**Дата: 04.02.2010**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА – ДРЖАВЕН ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за економија на РМ – Државен пазарен инспекторат (во понатамошниот текст МЕ - ДПИ) - сметка на основен буџет – 603-18 за 2008 година, кои се прикажани на страните 3, 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е извршена е ревизија и не е издаден извештај за финансиските извештаи на МЕ - ДПИ сметка на основен буџет – 603-18 за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Владимир Кочовски, директор, од 05.09.2006 година до 08.07.2008 година
   - Сашо Аќимовски, директор од 21.10.2008 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 23.11.2009 до 11.12.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 26.01.2010 година под архивски број 09 3/11 примени е забелешка од одговорното лице на субјектот, по Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истата е разгледана при што е одлучено следното:

    – Забелешката по точката 10.1.1 не се прифаќа од причини што истата претставува образложение за настанатата состојба како и преземени активности во насока на отстранување на неправилноста.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година дадени како составен дел на овој Претходен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1 **Неправилно искажување на приходите/расходите**

11.1.1. За потрошено гориво исплатени се средства во вкупен износ од 1,517 илјади денари без соодветна поткрепувачка документација, што не е во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Лицата кои ги користат службените возила не изготвуваат налози за користење на службените возила и покрај тоа што министерството има пропишано процедури за начинот на нивно користење. Поради нефункционирањето на веќе воспоставените интерни контроли ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на расходите за потрошено гориво односно дали истите се направени за вршење на службени или приватни цели.

**Препорака**

1. Одговорните лица во министерството да преземат мерки за подобрување на дисциплината кај вработените во врска со изготвувањето на налози за користење на возилата за службени цели

12. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на МЕ - ДПИ сметка на основен буџет – 603-18 на ден 31.12.2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај МЕ - ДПИ сметка на основен буџет – 603-18, освен за изнесеното во точка 10.1 остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

**Овластен државен ревизор**

Скопје,01.02.2010 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 13,157 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **13,157** | **0** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 13,053 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **13,053** | **0** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 104 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **104** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **13,157** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **0** | **0** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 996 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **996** | **0** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 96 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **96** | **0** |
| **Вкупна актива** | **1,092** | **0** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 912 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 84 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **996** | **0** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 96 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **96** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **1,092** | **0** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | - | - |
| **Зголемување по основ на:** | **108** | **108** |
| Набавки | 108 | **108** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - |
| **Намалување по основ на:** | **12** | **12** |
| Отпис на капитални средства | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | - |
| Амортизација | 12 | **12** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | 96 | 96 |